медиум
весник за сите средношколци
Четврток, 7.5.2015; година III; бр. 20
www.medium.edu.mk

БОЈКОТ И ПРОТЕСТИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ




Фото: Маја Јаневска - Илиева

Евентуалното воведување на математиката како задолжителен предмет за матура на средношколците предизвика бура реакции кај учениците и кај некои наставници, кои велат дека сето тоа било капката вода што го прелеало садот од кој протекоа и преостанатите проблеми со кои се соочуваат средните училишта во земјава. Додека средношколците бојкотираат, а Министерството за образование и наука сè уште бара излез од кризата, социолозите коментираат дека квалитетот на образованието е ставен под знак прашалник, дека бојкотот на наставата не е најдоброто решение, но оти и опции за друго нема

# Математиката отвори нерешени задачи

Учениците се отсутни на часовите, а присутни во училишните ходници. Средношколски маршеви и постојано упатување на пораката „Не за реформите коишто од нас направија експериментални глувци“. Закани и притисоци кон учениците кои организирани во Средношколски пленум бараат промени во образованието. Наспроти нив, Средношколска унија која обвинува дека тие немаат легитимитет и оти зад сето тоа има политички мотиви. Дел од фелата на просветните работници, пак, обединети во нивен Наставнички пленум, стојат зад своите ученици и бараат решавање на проблемите и квалитетни реформи. Од Министерството за образование и наука, институцијата од која пленумите бараат да ги запре лошите реформи, велат дека им ги исполниле поголемиот дел од барања и бараат учениците да се вратат на настава.

Вака, во неколку реченици може да се опише состојбата во која изминатиов период се наоѓаат некои од средните училишта во земјава.

стр. 5



ЃОРГИ СТАВРИЌ, ПРЕТСТАВНИК ОД СРЕДНОШКОЛСКИОТ ПЛЕНУМ

## Средношколците да имаат глас во реформите во образованието

стр. 3



КРИСТИЈАН НЕЛКОВСКИ, УЧЕНИК ВО ГИМНАЗИЈА „НИКОЛА КАРЕВ“

## Генијален ум на располагање

стр. 6




СОВЕТУВАМЕ

## Онлајн-дружење и интеракција

стр. 8

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA
ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТ НА ВИСОКАТА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“, ПОДДРЖАН ОД АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## УВОДНИК

**Тамара Ќупева, професорка во СУГС гимназија „Орце Николов“ - Скопје**



# Слободата нека биде твојот избор

Да! Тежок е патот до слободата кога живееш во свет на правила. Уште потешко е да му ги носиш на светот своите идеи, ако тие се поинакви, различни, нови.

Да! Не е лесно да си млад во време на предизвици. Во време кога твоето единствено и автентично „јас“ треба да се бори со ветерниците на општеството кое се обидува да те обликува по однапред утврдениот терк. Да те присвои и да те направи „ист“.

Тогаш започнува твојата битка. Твојата лична мисија. Тогаш кога ќе разбереш дека промените започнуваат од ТЕБЕ. И дека не си сам на тој пат. И дека си дел од генерацијата која носи пролет во своите дела.

Посветеноста, храброста и верноста во идеите за подобар свет треба да бидат твојот избор. Ти и твојата генерација сте креатори на светот, затоа што само ЗАЕДНО сте неговата иднина. Вие го создавате времето во коешто ќе живеете и творите.

Бидете СВОИ и имајте СТАВ! Борете се за своите идеали. Не вовлекувајте се во девизата дека „патот до промените е премногу тежок“. Младоста и храброста имаат едно исто значење.

Имате ретка привилегија да живеете во отворен свет, во нови креативни простори во кои можете слободно да ги обликувате своите мислења. Своите ставови.

Никогаш не заборавајте дека со себе ја носите својата посебност и дека ВИЕ сте поинаква генерација од претходните.

Ако вашите идеи се обликуваат со аргументите и вистината, тогаш не запирајте! Тогаш кога вашите дела стануваат вредност, вие станувате пример за својата генерација. И за оние кои ќе дојдат по вас. И никој нема право да ве запира на тој пат.

Слободата нека биде вашиот избор. Слобода на срцето, на мислата, на зборот. Слобода на изборот. Вие треба да одлучите кој идеал ја заслужува вашата храброст. Вас и вашето неповторливо ЈАС!

Секоја генерација води некоја своја битка. Вие ја водите вашата. Колку и да е потешка од таа на вашите претходници, не заборавајте да останете исправени и подготвени, јасно и гласно да одговорите на хамлетовското прашање: Да се биде или не!

СЕГА!

## НИЗ ХОДНИЦИТЕ

# БОЈКОТ И ПРОТЕСТИ



Повеќе од еден месец илјадници средношколци ја бојкотираат наставата низ ходниците и холовите на нивните училишта и со маршови по улиците, барајќи да полагаат матура според стариот принцип и шест месеци да биде ставен во мирување Законот за екстерно тестирање. Организирани во Средношколски пленум, учениците бараат да се смени сегашниот начин на кој се спроведува екстерното тестирање, сметајќи дека тоа не го подобрува образовниот процес.

Средношколците се револтирани и од игнорантскиот однос на Министерството за образование и наука (МОН), зашто одбива да одржи средба со нив и инсистираат надлежните институции да ги вклучат во донесувањето на одлуките поврзани со реформите во средното образование. Според Пленумот, тоа е една од причината зашто илјадници средношколци протестираа на четирите маршеви организирани во изминатиот месец во Скопје, Битола и Охрид. Со маршовите тие сакаат да го поттикнат МОН на дијалог и да ја анимираат пошироката јавност за бојкотот на наставата и проблемот со државната матура и екстерното тестирање.

Иако нема прецизни податоци и бројки во кои училишта се бојкотира, се проценува дека со бојкотот на наставата се опфатени околу 20.000 средношколци и нивните родители и околу 2.000 наставници. Од Средношколскиот пленум велат дека бојкот има скоро во сите градови и дека наместо настава средношколците имаат алтернативни предавања и дебати надвор од училниците, во холовите на училиштата.

Средношколци од повеќе скопски училишта тврдат дека заради бојкотот трпат големи притисоци и уцени од директорите и од некои од наставниците. Во некои училишта, учениците кои протестираа беа избркани во школските дворови и не им беше дозволено да влезат во училишните згради. Матурантите велат дека во училиштата им се закануваат дека ако не го прекинат бојкотот на наставата, матура ќе можат да полагаат дури во август и дека со тоа ќе го испуштат уписниот рок за факултетите.

Средношколците добија поддршка за нивните барања од Наставничкиот, Студентскиот и од Професорскиот пленум, како и од илјадници родители и граѓани кои учествуваа на средношколските протести.

## Учениците од „Георги Димитров“ на нишкиот „Наук није баук“




Средношколци од скопското училиште „Георги Димитров“ се претстави со свој штанд на еден од најатрактивните научни саеми во регионот, „Наук није баук“, што се одржа во Ниш, Србија. Осум ученици поделени во тимови изработија три експериментални проекти. Првиот проект опфати истражување за нивото на радиоактивност со примероци од почвата на училишниот двор. Вториот тим ја прикажа зачудувачката моќ на стојните бранови и формирањето интересни фигури т.н. Хладниеви модели со помош на малку сол и едно гудало. Третиот експеримент, кој постојано се одвиваше на штандот, беше докажување дека овошјето може да биде одличен извор на еднонасочна струја. Освен што го претстави училиштето, учениците од „Георги Димитров“ видоа возбудливи научни експерименти и дознаа нови интересни факти. Нишката гимназија „Светозар Марковиќ“ го организира научниот саем седма година по ред и освен од Србија, учествуваа училишта од уште седум земји.

**Ана Јанева,**
**СУГС „Георги Димитров“**

## Прилепски средношколци на обуки во Португалија, Грција и Холандија

Средношколци од прилепското училиште „Орде Чопела“ учествуваа на обуки за земјоделско претприемништво во Португалија, Грција и во Холандија, кои треба да ги поттикнат иницијативата и претприемништвото на учениците и да ги подобрат нивните можности за вработување и кариера. Средношколци од ветеринарната струка беа во Португалија, каде што се запознаа со техниките на одгледување и лекување животни преку предавања на инженери агрономи и преку практична настава во сточарска фарма. Ученици од насоката агроменаџмент, заедно со претставници од уште четири стручни училишта од Свети Николе, Ресен, Скопје и од Струмица учествуваа на студентскиот кампус на „Американ скул фарм“ во Солун, Грција. Во Холандија, пак, средношколци ги осознаа различните можности и технологии во хортикултурното производство. На обуките, средношколците разменија искуства со нивни врсници за струките кои ги изучуваат и се запознаа со најновите светски земјоделски технологии и нивната примена. Обуките беа организирани од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, во рамките на програмата „Еразмус плус“, преку проектот АГЕНТ (AGricultural ENtrepreneurship Training).

**Елизабета Пиргановска,**
**професорка**
**во ОСУ „Орде Чопела“**
**- Прилеп**

## Меѓународниот ден на спортот одбележан во „Здравко Цветковски“

Со средношколски натпревари во одбојка-жени и футсал-мажи беше одбележан Меѓународниот ден на спортот - 6 април, во скопското училиште „Здравко Цветковски“.



На настанот присуствуваа претседателот на Европскиот олимписки комитет и потпретседателот на Светскиот олимписки комитет Патрик Хикеј, претседателот на Македонскиот олимписки комитет Васил Топурковски, претставници од Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт, Град Скопје, директори од средните училишта, професори и ученици. Директорката Драгица Костадиновска им врачи благодарници на сите соработници и помагатели во одбележувањето на настанот.

**Стево Павловски, професор во**
**СУГС „Здравко Цветковски“ - Скопје**

## Кумановски средношколци преку проект го доживеаја небото над Шпанија

Средношколци од кумановското училиште „Перо Наков“ посетија маркетинг-агенција во Гранада, Шпанија, како дел од проектот за имплементација на практична настава во образовниот процес преку соработка со бизнис-секторот и примената на информациско-комуникациските алатки. Учениците стекнаа разбирања за маркетингот, методите кои се користат при услугите за клиентите и за можностите да бидат идни успешни маркетинг-агенти. Средношколците се запознаа со културата и историјата на Шпанија преку разгледување на повеќе знаменитости, дворци и манастири во Гранада. Тие го посетија замокот Алхамбра, изграден во 13 век, кој е најпознато дело на исламската уметност на тлото на Шпанија и е единствен дворец од времето на мавриските владетели што останал делумно сочуван. Учениците следеа и фламинго шоу, карактеристично за андалузискиот дел од Шпанија. Во Гранада, средношколците снимија видео за училиштето, кое ќе биде промовирано на училишниот Отворен ден. Посетата се реализираше преку програмата „Еразмус плус“ на Националната агенција за образовни програми и мобилност.



**Фросина Милошевска, наставничка по македонски јазик и литература во СОУ „Перо Наков“ - Куманово**

**Уредник на „Медиум“:** Дејан Андонов, 02/30 90 004
**Дизајн и техничко уредување:** Марија Чундева
**Веб:** Александар Делчевски
**Лектор:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел: (02) 5511727
**Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
www.medium.edu.mk; е-адреса: medium@medium.edu.mk

This project was funded in part through a U.S. Embassy grant. The opinions, findings, and conclusions or recommendations expressed herein are those of the implementers/authors and do not necessarily reflect those of the U.S. Government.
Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот(ите)/авторот(ите) и не ги одразуваат оние на Владата на САД.
Ky projekt është pjesërisht i mbështetur me grant nga Ambasada e SHBA-ve. Mendimet, zbulimet dhe konkluzionet ose rekomandimet e paraqitura këtu janë të implementuesit/autorëve dhe nuk i reflektojnë domosdoshmërisht ato të Qeverisë së SHBA-ve.
EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

## Филмска вечер и предавање за кодификацијата на македонскиот јазик

Околу шеесетина средношколци од скопското училиште „Јосип Брзо Тито“ го гледаа филмот „Игра на имитирање“, што беше проектиран во холот на училиштето. Училишниот клуб „Биди зелен“ првпат организираше филмска вечер, а влезницата се наплатуваше на необичен начин - со една празна батерија или празно пластично шише. Во клубот на читателите на гимназијата, пак, се одржа средба со професорката Лилјана Гушевска од Институтот за национална историја, на која учениците ги проширија своите знаења за историјатот и кодификацијата на македонскиот јазик. Средношколците дискутираа со професорката како да се зачува македонскиот јазик, како да се сака и негува македонската литература, како и за делата на браќата Миладиновци и Прличев, првиот македонски буквар на тајниот македонски комитет и за аманетот на Блаже Конески.

## ФАЦА НА МЕСЕЦОТ



ЃОРГИ СТАВРИЌ, ПРЕТСТАВНИК ОД СРЕДНОШКОЛСКИОТ ПЛЕНУМ

**Повеќе од еден месец средношколци од речиси сите училишта во Македонија, предводени од Средношколскиот пленум, бојкотираат поради незадоволството од новите измени за екстерното тестирање. Во овој број на „Медиум“ го интервјуираме Ѓорги Ставриќ, претставник од Средношколскиот пленум и матурант во скопското училиште „Јосип Броз Тито“. Тој вели дека иако притисоците ги има сè повеќе, средношколците не потпаѓаат на нив и дека токму преку формирањето на нивниот Пленум се забележува сплотеноста меѓу самите средношколци**

# Средношколците да имаат глас во реформите во образованието

**Медиум: Во многу средни училишта наставата е во застој поради протестите за екстерното тестирање. Каква е атмосферата во училиштата?**

Ѓорги: Мнозинството од средните училишта бојкотираат, а атмосферата е тензична. Спроведен е бојкот на настава со тоа што ние не сме присутни во училниците, но сепак сме присутни во училиштата. Притисоците доаѓаат во секоја форма. Како што одминува времето, директорите и преостанатиот персонал се обидуваат да ги заплашат матурантите преку непостојни правни механизми. Додека кај помладите генерации притисоците остануваат на едно примитивно ниво, што достигнува степен на користење физичка сила, па дури и психолошки притисок. Некои од професорите и речиси сите директори ги кршат меѓународните права на децата.

**Медиум: Зошто одбивност кон математиката и екстерното тестирање?**

Ѓорги: Нема одбивност кон математиката и екстерното тестирање. Ние веруваме во слобода на избор на секој ученик и подобрување на екстерното тестирање. Во ниту еден случај екстерното тестирање не ја одразува правилната оценка на знаењето на ученикот или квалитетот на професорот поради фактот дека како систем не е добро развиен кај нас.

**Медиум: Дали бојкотот беше неопходен за да се изрази незадоволството? Како ги коментираш прозивките дека единствена цел ви е непослушност и губење на наставата?**

Ѓорги: Тоа се шпекулации, гласини и дезинформирање. Се знаат нашите барања и се знае зад што стоиме ние. Бојкотот е една од порадикалните мерки на што сме принудени. Откако нè дискриминираа и навредија, што би се кажало народски, МОН и министерот Адеми, ги баравме под дрво и под камен.

**Медиум: Дали средношколците се доволно здружени кога станува збор за искажување на незадоволство поради образовните мерки кои се преземаат?**

Ѓорги: Нашата организација, како пленум, самата по себе тоа го докажува. Во Македонија, де факто, до пред Средношколскиот пленум немаше организација што ги претставуваше средношколците. Тој факт сам по себе кажува дека има многу грешки во образовниот систем, дека не биле средношколците во замисла и дека се загрозува образованието со сето тоа. Со создавањето на Средношколски пленум се гледа сплотеноста на средношколците.

**Медиум: Како функционира Средношколскиот пленум?**

Ѓорги: Средношколскиот пленум има хоризонтална поставеност, т.е нема авторитет или хиерархија во нашата организација. Организирани сме по училишта. Секое училиште има претставник на клас од секоја година и на тој начин се донесуваат одуки на ниво на училиште. Секое училиште е претставено во согласност со одлуката на интерно ниво на координативно тело, се изнесуваат ставовите на училиштата и тука се донесуваат одлуките во согласност со секој ученик, клас, претставник и координативец.

**Медиум: Според тебе, какви реформи се неопходни во образовниот систем?**

**Ѓорги: Такви каде што првично не се скратува правото на избор на ученикот. Реформи неопходни во образованието се тие каде што имаат глас средношколците.**

**Медиум: Дали професорите им даваат доволно поддршка на своите ученици во протестите против новите образовни мерки? Како тие се справуваат со незадоволството на своите ученици?**

Ѓорги: Професорите во повеќето училишта, особено во оваа состојба на бојкот, се на еден начин поделени околу нивните ставови за тековната состојба. Многу професори сакаат да ја изразат својата поддршка, но во тајност на многу наши претставници им кажуваат дека не смеат да го направат тоа, најчесто поради причината дека би добиле отказ или, во најмала рака, би им биле изречени санкции. Одреден дел професори отворено нè поддржуваат и кај нив има пријави дека се вршени притисоци поради нивната излезеност. Професорите што не го делат нашето мислење и што не сакаат да бојкотираме вршат притисоци со кои се нарушуваат неколку човекови права, но во најголем дел детските права, поради поголемиот ефект на притисок кај помладите.

**Медиум: Што доколку бојкотот се покаже како неуспешен обид за да се придобие вниманието на министерот кон вашите барања?**

Ѓорги: Јас лично, а верувам дека зборувам и за мнозинството средношколци, не верувам дека еден министер, една институција смее да остане без став кон нашите барања, особено во време на бојкот кога поголемиот дел средни училишта немаат настава. Тоа е индиректно наштетување на образованието во Македонија.

**Репортер: Љубица Николовска, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**




## ДВА НА КВАДРАТ

ВЛАТКО ВАСИЉ, ТВИТЕРЦИЈА

### Со обединети и бунтовни средношколци не треба да се плашиме за иднината



**Медиум: Што мислиш за влијанието на социјалните мрежи и како тие можат да се искористат?**

Влатко: Социјалните мрежи се одлична алатка за нови пријателства и обновување на старите. Покрај дружбата, тие се и еден нов плоштад на слободата, полн со различности во искуствата и во размислувањето. Нивното влијание може да користи за побрзо групирање и собирање на луѓе, потранспарентно спроведување на иницијативи и акции. Но некогаш знаат и да дадат доза на пасивност, односно акцијата да се поддржи преку нив со лајкови, ретвитови или споделување на истата, а директно да не се учествува во спроведувањето и таа да не добие на интензитет во директна и улична активност како што била претставена на социјалните мрежи. Социјалните мрежи го родија оној пасивен активизам, но со протестите на студентите и на средношколците и неколку хуманитарни акции полека, но сигурно се излегува надвор и се крши таа пасивност на активизмот.

**Медиум: Периодов е актуелен Средношколскиот пленум. Како гледаш на таквиот начин на организирање на средношколците и борба за нивните права?**

Влатко: Секоја нивна активност за мене е легитимна, особено кога се борат за своите права. Онаа борбена и револуционерна мисла се буди токму во средношколските години, таму се вистинските почетоци на независноста кај индивидуата и таму како личност се создаваат првите „бунтовнички“ иницијативи. Ако се врши неправда кон нив како група или кон некој нивни соученик, треба и мора заедно да се борат против тоа. Тие се никулецот на иднината и ако уште од почеток покажат обединетост за некоја повисока цел, тогаш не треба да се плашиме за нашата иднина.

Средношколците мора да се држат и дружат едни со други и кога имаат различни мислења и погледи кон работите, за нив треба да дискутираат и да бараат начин како да ги стават во иста цел со која ќе просперираат. Да читаат многу книги и да слушаат квалитетна музика. Да бидат примерни и да ги почитуваат професорите, кои секогаш им даваат знаење со кое ја будат независноста кај личноста и размислувањето со своја глава, да не потклекнуваат под закани, уцени и заплашувања. Секогаш кога мислат дека се во право, тоа гласно да го кажат и да се поддржат меѓусебно, но и да бидат способни да го сменат ставот и гледиштето на работите кога ќе сфатат дека грешат. Да бидеш средношколец не е само да го носиш ранецот на грб. Да бидеш средношколец значи дека ја носиш и иднината на грб, својата, на твоите другари и на целото општество. Затоа што ќе дојде денот кога ќе треба да се свртат назад и да ги погледнат своите постапки што ги направиле и оствариле и сето она што го оставиле за идните генерации. Дали на нив ќе бидат горди или ќе бараат времето да се врати за да се поправат, оставам сами да одлучат, но верувам дека ќе донесат одлуки што се корисни и поучни за сите нас.

**Репортер: Катерина Смилева, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**
**Целото интервју на www.medium.edu.mk**

МАРЈАН ГЕОРГИЕВСКИ, АКТЕР

### Не бидете вечни чекачи на подобро време



**Медиум: Твоите видеа на Јутјуб редовно имаат и по илјадници посетувања. Со тоа за кратко време твоето име се издигна во јавноста. Како одлучи да се занимаваш со стендап?**

Марјан: Морав да се впуштам во таа ризична зона, да се изложам пред луѓето, морав да го истурам гневот на сцената. Немав друг избор. Немав грб, морав да бидам на сцената и по ризик на пропаст. Од самиот почеток бев изложен на многу критики, првично од колегите театарции, кои не познавајќи го доволно жанрот беа со жестоки критики против стендап-комедијата, против сè она што се трудев да го направам. По одредено време настапување во книжарници, локали, библиотеки, училници, плоштади, сцени, центри за култури, салони, хали... ми донесоа повеќе од 250 настапи низ Македонија и балканските земји... и многу искуство. Немав поинаков избор освен тоа да се искористам себеси и сè она околу мене, да го коментирам, да го преиспитувам, да го исмејувам, да го провоцирам, да го поставам на тапет цело мое опкружување, сè она што ме фрустрира, омаловажува, игнорира, сè она што ми предизвикува болка - за сè тоа сакам да зборувам. За својот леб морав да се борам со својот грб, ааа...., да, и ‘рбет.

**Медиум: Што би им препорачал на средношколците?**

Марјан: Мислам дека младите е тешко да ги придвижиш за различни активности во ова време кое ги шокира со небитни информации, ги замајува и ги пасивизира, притоа вметнувајќи им во главите гнили вистини. Среќен сум кога гледам млади кои доаѓаат во театар, млади кои одат во библиотека, кои разговараат за уметност... активни млади кои навистина се грижат за себеси и за својот развој. Кога гледаат да знаат што да видат, кога слушаат да знаат како и што да слушнат. Да бидат свои, да бидат безобразни, зашто им стои, да не прават компромиси, да бидат тие кои ќе остават белег на своето време. Да не бидат како нас, како мојата генерација - чекачите на подобро време.

**Репортер: Ирена Каревска, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**
**Целото интервју на www.medium.edu.mk**

## БЛИЦ-ВЕСТИ

### Возот што лебди достигна брзина од 590 километри на час

Јапонскиот воз кој левитира, месецов достигна брзина од 590 километри на час, остварувајќи нов светски рекорд, со што го собори претходниот 581 км/ч, стар 12 години. Станува збор за брзина поголема од онаа што ја постигнуваат помалите авиони. Компанијата што го конструираше возот што лебди извести дека во редовен сообраќај ќе биде пуштен во 2027 година.

**М.М.**

### ЖРК Вардар против Будуќност во полуфиналето на Ф4

ЖРК Вардар ќе игра против екипата на Будуќност во полуфиналето од Ф4-турнирот од Лигата на шампионките. За Вардарки ова ќе биде втора година по ред како што ќе играат на фајналфор-турнирот, што оваа година ќе се одржи во Будимпешта. ЖРК Вардар до полуфиналето стигна откако успеа да слави во двобојот со ланскиот првак Ѓер. На првиот меч, кој се одигра во Скопје, Вардарки славеа со 24-18, додека, пак, во реванш-дуелот одиграа нерешено со 27-27 со унгарската екипа.

**М.М.**

### Во Јапонија постои пиво што подмладува

Јапонската пиварница „Сантори“ тврди дека создала пиво што подмладува. Пивото наречено „пресш“ содржи колаген - протеин што ја одржува кожата затегната, свежа и младолика. Како што луѓето стареат, резервите на колаген се трошат, што е една од главните причини зошто луѓето добиваат брчки. Една од бизарните реклами за новото пиво гласи „Мажите сега знаат дали девојката пие ‘пресш’“.

**М.М.**

### Ќе се произведуваат патики и велосипеди што полнат батерии во Македонија

Патики и велосипеди кои генерираат електрична енергија за полнење батерии, како и вирални видеа и хумористични скечеви се идеите кои беа наградени со 10.000 долари на Првиот климатски камп во Македонија. Овој камп имаше за цел да ги поттикне граѓаните да промовираат идеи како може да се намалат штетните влијанија на климатските промени во урбаните средини. Најдобрите два тима кои ги добија паричните награди во следниот период треба да ги реализираат своите идеи.

**М.М.**

КАДЕ БЕВМЕ?

# Одлични се во економија и право, а успешни на сите полиња





Економијата и правото се навистина интересни области за изучување. Ќе се уверите во тоа особено ако дојдете во скопското економско-правно училиште „Арсени Јовков“. А можеби и дополнително ќе се заинтересирате за „Арсени Јовков“, ако дознаете за фактот дека ова е првото стручно и единствено училиште во Македонија што учествува во меѓународен проект за претставување на креативноста на учениците преку размена со ученици во странство и работа во интернационални тимови. Проектот насловен како „Маркетинг иницијатива на ученици за професионална ориентација и прогрес (МИСПОП)“ го раководи професорот Зоран Златковски.

Проектот МИСПОП е извонредна шанса да се претстават можностите и креативноста на учениците. Тој нуди нова димензија на современ начин и пристап на работа, така што покрај обработката на материјалот што се совладува на редовните часови, вклучува и други активности, медиуми и електронски алатки, преку кои учениците можат да ги претставуваат стекнатите знаења - изјави координаторот на проектот, професорот Златковски.

Покрај тоа што ова училиште е стручно и насочено кон нудење на знаења од областа на економијата и правото, „Арсени Јовков“ има посебен однос кон македонскиот јазик. Веќе четврта година по ред, „Арсени Јовков“ ја организира претставата „Твориме, создаваме и зборуваме на македонски јазик“, на која учениците од театарската дружина изведуваат драматизации на македонскиот јазик во македонската поезија, музика, народна литература и слично.

Мартина Павличкова е матурантка во ова училиште. Таа за „Медиум“ зборуваше каков впечаток ѝ оставило училиштето за времето што го поминала во него.

Јас поминав четири години во „Арсени Јовков“ и можам да ви кажам дека сум учествувала во разни секции и активности. Професорите се тука за сè што ни треба, без разлика дали имаме потреба од нив пред или по часовите, или, пак, за време на одмор, постојано можеме да сметаме на нив - вели Павличкова.

Ова економско-право училиште е активно на многу полиња. Во прилог на ова говори и тоа дека спортските тимови што го претставуваат училиштето редовно бележат успеси, а вреди да се спомене и дека „Арсени Јовков“ е репрезент на тоа како треба да се сплотат разните националности. Во ова училиште учат ученици од разни етникуми, а нивната кохезија се гради преку многубројните проекти на училиштето за меѓуетничка интеграција.

СЕПУГС „Арсени Јовков“ има долгогодишна историја и е основано во далечната 1965 година. Токму годинава се навршија педесет години постоење на ова средно училиште. По тој повод училиштето издаде монографија.

**Репортер: Мартин Манасков, студент на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

# Млади претприемачи и амбасадори на Македонија

На училиштен терен ја развиваат сопствената компанија и претприемачкиот дух, а преку меѓународни проекти за претприемништво успешно ги претставуваат и училиштето и државата. Тоа се средношколците од скопската гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“, кои го изучуваат предметот Иновации и претприемништво. Наставата која им овозможува практична примена на претходно добиените знаења и вештини ги оспособува корчагинци уште како тинејџери да ги осознаат основите и функциите на бизнисот и да се подготват за нивното идно факултетско образование и кариера.

Ученичката компанија успешно се менаџира од средношколци од целото училиште и организира настани преку кои собира пари и други средства за различни цели. Бордот на директори, пак, посетува реални компании од кои ги црпи искуствата на вистинските менаџери. Средношколците велат дека ваквиот пристап на учење за нив е охрабрувачки, осознавајќи сè што е потребно за успех.

- За нас ова е одлична можност да видиме како функционираат големите фирми. Навистина е многу појасно кога ќе видиш какви се работите во практиката - вели ученичката Елена Најденовска, која е членка на Бордот на ученичката компанија.

- Мене ме интересира маркетиншкиот дел. Всушност, нивната најголема реклама е онаа од човек на човек, а тоа беше интересно затоа што сме навикнати на користењето на интернет-просторот - ги раскажува впечатоците средношколката Анастасија Попоска, од посетата на една компанија.

Ученичките велат дека при посетите на компаниите многу често слушаат за интересни настани и анегдоти кои потоа ги применуваат во училишните проекти.

Еден од успешните проекти по предметот Иновации и претприемништво е „Македонија, земја богата со историја, култура и традиција“. Како дел од него, група средношколци ја посетија приватната гимназија „Процивитас“ во Хелсинбург, Шведска, која е партнерско училиште на скопската гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“. Младите претприемачи овојпат беа и амбасадори на државата. Корчагинци ги презентираа природните убавини и националните богатства преку живописни презентации, културата и мелосот преку песна и танц, а нивните врсници од Шведска вкусија и дел од разновидната традиционална македонска кујна. Македонските средношколци го посетија и Македонскиот клуб на иселеници во Хелсинбург, каде што се дружеа и ги споделуваа искуствата со нивните сонародници кои живеат и учат во Шведска.




Од ова патување научивме, осознавме и пренесовме многу нови работи. Остваривме многу контакти кои со задоволство ќе ги одржуваме. Бевме во шведскиот град Малме, а во соседната Данска го посетивме Хамлетовиот замок „Кронборг“ во гратчето Хелсиҥор, место преполно и пребогато со данска култура и историја Не можевме да го одбиеме и повикот на македонскиот амбасадор во Данска, па го посетивме и Копенхаген, каде што прошетавме до ѕидот на среќата, палатата на кралицата, халата во која се одржуваат познати светски опери и уште многу други знаменитости од кои може здивот да ти застане - раскажуваат возбудено корчагинци.

Учениците велат дека проектите и мобилноста во други европски држави им овозможува да ги уочат разликите и да направат споредба на македонскиот со образовните системи на поразвиените земји и на тој начин да стекнат знаење и идеи кои ќе ги користат за нивните следни подвизи.

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

БОЈКОТ И ПРОТЕСТИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

# Математиката отвори нерешени задачи




Фото: Маја Јаневска - Илиева

Продолжение од стр. 1

**МЕЃУСЕБНИ РАСПРАВАЊА И ОБВИНУВАЊА**

Хронологијата на настаните покажува дека до избивањето на проблемите на површина дојде кога Министерството за образование и наука на средина од учебна година одлучи да го воведе предметот математика како трет задолжителен предмет во државната матура. Ваквата одлука предизвика револт кај средношколците, кои сведочат дека и досега имале проблем со измените во полагањето на државна матура, според кои, сите предмети ги полагаат електронски, што е нефункционално. Како што велат средношколците, во тестовите се појавуваат исти прашања, не можат да ги испратат како готови пополнети електронски тестови. Некои од поплаките одат и во насоката дека училиштата не располагаат со соодветна опрема и администратори кои би го набљудувале текот на електронското тестирање.

Поради тоа, средношколците решија да се побунат против, како што велат, наметнатите и лоши реформи кои ги угнетуваат. Обединети под неформалната организација наречена Средношколски пленум, учениците одржаа низа средношколци маршеви во повеќе градови во Македонија. Нешто подоцна, одлучија да ги радикализираат протестите и прогласија бојкот на наставата, а во повеќе наврати до ресорното министерство испратија и детално објаснување зошто сметаат дека реформите се нефункционални и што точно бараат.

- Одлуката за бојкотот ја донесовме на генерален состанок на скопскиот разгранок на Средношколскиот пленум, во кој беа вклучени 8 средни училишта. Бојкотот го преземавме како најрадикална мерка, пред сè, поради игнорантскиот однос од страна на надлежните, кои и покрај тоа што во два наврати ги поднесовме нашите барања, не дадоа никаков одговор. Веднаш потоа следуваа маршеви, но и тие не беа доволен мотив министерството да нè повика на средба - вели средношколецот и член на Средношколскиот пленум, Александар Милески.

Последната поголема активност која тие ја спроведоа е средношколскиот марш, кој заврши пред зградата на Министерството за образование и наука.

Во истите простории, минатиот месец на 31 март, министерот за образование и наука Абдулаќим Адеми оствари средба со претставници на Средношколската унија. Тие се договорија математиката да биде задолжителен предмет при полагањето на државна матура само за учениците кои ја избрале математичката насока, а за преостанатите изборен.

Токму од оваа унија во изминатиов период обвинија дека пленумот е пара организација, без легитимитет и кредибилитет и оти нема никаква правна ниту институционална форма.

- Тоа е спонтана група која има политичка цел да ги злоупотреби средношколците и да ги направи политички инфантилни и да ги деградира. Токму затоа и на тие што денес протестираа, а и на нивните ментори ќе им порачаме – тргнете ги рацете од средношколците! Ние не сме политички вазали и престанете да ни ја навредувате интелигенцијата. Нашата цел е постигната. И тоа е заеднички успех. Математиката ќе се полага алтернативно. Нема да биде задолжителна за сите учениците, туку ќе ја полагаат само оние ученици коишто одбрале да бидат математичари - изјави за медиумите Звонко Селев, претставник на Средношколската унија.

Постигнатиот договор, во кој не учествуваа претставници од Средношколскиот пленум, не ги задоволи барањата на средношколците. Тие започнаа да ја бојкотираат наставата, велејќи дека тоа ќе трае додека не бидат повлечени лошите измени. Според последните статистики на пленумот, речиси 18 илјади средношколци ја бојкотираат формалната настава, но се присутни во училишните ходници и дворови и во двете смени, а времето го пополнуваат со вонучилишни активности. Наставата се блокираше во речиси сите скопски гимназии, делумен бојкот започна и во училиштата во Куманово, Охрид, Струмица и во Битола, а тетовските средношколци од македонските и од албанските паралелки од повеќе училишта заедно организираа марш низ градот во знак на револт од лошите образовни реформи.

Вториот ден од средношколскиот бојкот во училиштата ресорниот министер вети дека ќе ги повика на средба средношколците за да можат да ги образложат барањата, веднаш кога ќе најде слободен простор во својата агенда.

- Јас изјавив дека сум отворен за средби и идната недела, во зависност од агендата и од нашите активности кои ги имаме, ќе може да одредиме време за средби со сите заинтересирани и засегнати страни. Би апелирал до сите да не ги користат учениците за политички цели и по тој повод би го повикал и Народниот правобранител да излезе со свој став за заштита на учениците од политички злоупотреби - рече министерот Адеми.

Меѓутоа, до затворањето на овој број од „Медиум“, таа не се одржа.

Безрезервна поддршка за учениците изразија и дел од наставниците, кои формираа Наставнички пленум. Тие инсистираат да бидат вклучени во секоја наредна анализа и обработка на законите со нивни предлози и мислења.

- Нашиот став е дека екстерното тестирање е само капка вода во морето од проблеми и дека истото никогаш нема да ги подобри ниту знаењето ниту одговорноста кај завршениот средношколец. Би сакале да истакнеме дека освен екстерното тестирање, имаме уште многу други проблеми поврзани со квалитетот и недостигот од учебниците, но и со недоволно осмислените и несоодветни програми. Досега ништо од спроведените реформи не придонесе во насока на подобрувањe на состојбата - велат од Наставничкиот пленум.

Наспроти овие просветници и најавите за бојкотот, се јавија и од советот на Синдикатот за образование, наука и култура (СОНК). Тие најавија тужби против сите поединци или групи од Наставничкиот пленум, за кои постојат докази дека направиле незаконски дејства против СОНК и неговото раководство. Како што соопштија од таму, тоа е со цел организацијата да се заштити од незаконското дејствување против неа, а и да се утврди штетата што е нанесена врз СОНК.

**ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈА СТРЕСОТ НАЈМАЛКУ Е ПОТРЕБЕН**

Во контекст на актуелните случувања, „Медиум“ разговараше со социолози за прашањата дали екстерното тестирање е рецептот за подобар квалитет и кој е „најнеболниот“ начин да се реши целава ситуација.

Одложувањето на преговорите го одложува и враќањето на учениците на формалната настава. Бојкотот, всушност, е реакција на невозможноста за постигнување договор. На средношколците мора некој да им одговори, а штета е што на овој начин го бараат одговорот, но нема друго средство. Ние мора да ги имаме институциите отворени. Тоа е жив организам кој треба да се приспособува, а за приспособувањето се расправа - смета социологот Ѓорѓи Тоновски.

Квалитетот на образованието ни е под знак прашалник е, пак, ставот на социологот Илија Ацевски. Според него, добро е што средношколците праќаат сигнал дека нешто не е во ред, но бојкотот на наставата нема да го реши проблемот.

Нема сомневање дека образованието е во длабока криза, но бојкотот на наставата нема да го реши проблемот. Добро е што со ова се испраќа сигнал дека нешто не е во ред, меѓутоа мора да се најдат начини да се реши овој проблем. Се создава една енигма, лошите реформи може уште утре да ги укине власта, но проблемот нема да се реши со тоа - вели Ацески.

На прашањето како би можело да се најде излез од континуираните проблеми во образованието, Ацески кратко реплицираше дека одговорот на тоа прашање би требало да го имаат институциите кои раководат со тој сектор.

Ако екстерното тестирање се погледне од страна на психолошкиот ефект што се јавува кај учениците, тогаш се доаѓа до тоа дека влијанието кое го има е негативно, смета психологот Милка Ололоска.

Самото исчекување на ова предизвикува стрес. Се ставаат во прашање помнењето и вниманието на децата кои се инхибираат. Стариот систем, кога ова не постоеше, беше добар, а во овој јас не гледам прогрес - вели Ололоска.

Таа објаснува дека во сето ова се вмешани три страни. Покрај учениците, со нив влегуваат и нивните семејства кои, исто така, доживуваат стрес заедно со нивните деца. Третата страна се наставниците, кои чувствуваат притисок и стрес на некој ученик да му ја стават заслужената оценка, бидејќи се плашат од крајниот резултат на екстерното, според кое се оценуваат и тие.

На децата во овој период на адолесценција најмалку им е потребен стресот. Тој не ги отсликува квалитетот и креативноста - заклучува психологот.

**Репортер: Александар Самарџиски, новинар во „Нова Македонија“ и дипломиран студент на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

**ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО ЕДЕН ОД НАЈДОБРИТЕ ОБРАЗОВНИ СИСТЕМИ?**

Додека кај нас сè уште се бара излез од кризата, во Финска, која го има еден од најдобрите образовни системи, се најавува можеби и најрадикалната промена во образованието, пишуваат странските медиуми. Ова доаѓа од резултатите на истражување кое покажало дека поголемиот дел од 16-годишниците веруваат дека учењето е преобемно. Поради тоа, во плановите на надлежните се нашла идејата да се воведе систем на истражување феномени, што ќе помогне младите да се запознаат со јазици, историја, политика и географија. Системот е унифициран, секој сегмент има одредено време, а целта на сето тоа е да се елиминира честото прашање: „Што е поентата на она што јас го учам?” Овие промени, кои предвидуваат намалување на фондот на часови, е планирано да се прошири во сите училишта во Финска до 2020 година.

Инаку, во неодамна издадена книга за финското образование се зборува за тоа што прават финските ученици по училиште, со оглед на тоа што и сега тие имаат помал фонд на часови и си заминуваат од училиште порано од нивните врсници во Европа. За илустрација е даден податокот дека во 2010-та година имало 790 главни и филијални библиотеки во Финска, кои годишно имале по 53 милиони посетители во библиотеките. Како што пишува авторот, пократкото време поминато во училиште овозможува учениците по наставата да отидат во библиотеките, парковите, музеите и да го прочитаат или видат она што ги интересира.



КРИСТИЈАН НЕЛКОВСКИ, УЧЕНИК ВО СКОПСКАТА ГИМНАЗИЈА „НИКОЛА КАРЕВ“

# Генијален ум на располагање






Човекот, како живо битие, живее за да ги оствари своите соништа и да го достигне врвот на своите квалитети. Токму тоа го правам јас, го живеам својот сон. Ова се зборови на средношколецот Кристијан Нелковски, ученик во прва година во скопската гимназија „Никола Карев“.

Негова главна занимација се машините. Тој ужива во кругот на технологијата и својата љубов ја наоѓа токму во програмирањето и роботиката. Неговата генијалност и занесот по електрониката и електронските машини Кристијан ја надградува уште од првите „допири“ со информатиката, односно од петто одделение. Досега има освоено многубројни награди на натпреварите „Макинова“ и „Еконова“, како и натпреварувањата организирани од клубови за млади техничари и природници. Една од „најсвежите“ награди кои ги има добиено е сребрен медал на минатогодишниот натпревар за роботика „Макинова“.

Тоа беше едно прекрасно искуство. Навистина не е лесно да се испрограмира и да се уреди еден ваков интересен и единствен робот. Секако, имав целосна поддршка и помош од професорката по информатика, Елеонора Симоска, која наедно е и мој ментор. На проектот работев околу две недели и, искрено, дадов сè од себе - раскажува Кристијан.

Неговиот генијален ум никогаш не мирува. Тој, заедно со професорот по географија, Јован Попоски, и неколку негови соученици во скоро време планираат проект кој се состои во пуштање на дрон и метеоролошки балон за да се снимат отпадоците и да се одреди нивото на загаденост на нашиот град и на околните места, со намера да ја разбудат еколошката свест и совест кај младата популација. Покрај ова, Кристијан се подготвува да го презентира своето знаење и умешност во пошироки рамки. Тој посакува да се натпреварува во областа на електрониката и роботиката и надвор од Македонија, но притоа не планира да се оттргне од овдешните случувања.

Нашиот херој е полн со ентузијазам и секогаш гледа оптимистично на работите, па токму затоа на прашањето за тоа кој е неговиот план за во иднина, тој ни даде многу јасен одговор: „Сакам да основам сопствена фирма за роботи, компјутери и програмирање. Секако, во најлош случај, ако не успеам, себеси се гледам во канцелариите на ‘Мајкрософт’“, се пошегува Кристијан. Во поглед на образованието, тој има желба да специјализира во областа на електрониката и информатиката, па како пример за стекнување со високо образование и постигнување на таа цел го посочи ФИНКИ.

Слободното време на овој средношколец е исто така исполнето со програмирање. Летниот распуст планира да го посвети на неговата замисла „Паметен град“, што според него ќе претставува еден уникатен и иновативен проект. Кристијан обожава и да чита. Негова втора љубов, покрај машините, се научно-фантастичните филмови и книги.

За замислите на Кристијан може да се зборува до бесконечност, бидејќи тој е навистина личност со широки гледишта. Неговата генијалност без сомнение е присутна и тој успева во целост да ја искористи.

**Автор: Емили Христопулу, 3-7, СУГС „Никола Карев“ - Скопје**

# Запеа и почна да ги освојува срцата на слушателите

Антониа Гиговска е четиринаесет годишна девојка од Скопје и е основка во скопското училиште „Стив Наумов“ во Автокоманда. За да се уверите во тоа што ќе ви го раскажам, ви препорачувам веднаш да го пребарате името на оваа девојка на Јутјуб. Антониа има огромен потенцијал за да стане врвна пејачка, а најинтересното е тоа што откако таа реши да го покаже талентот со неколку настапи, за неполна една година доби бројни признанија и награди на фестивали и натпревари.



Антониа годинава настапи на фестивалот „Откритие Европа - Откритие Планета“ којшто се одржа во Москва, Русија. Таа се претстави со песните „Него“ од Мараја Кери и „One Night Only“ од Џенифер Хадсон, за кои таткото на Антониа, Тони Гиговски, вели дека ги извела одлично, но ни крај памет не би му дошло тоа што се случило следно.

-Се делеа гран при награди во сите дисциплини во кои се натпреваруваа околу 3000 учесници. Некаде пред крајот на концертот се слушна гласот на официјалниот водител кој ја повика на сцената Антониа Гиговска од Скопје, Република Македонија да прими Гранд При на фестивалот во категорија естрадно пеење во конкуренција од 250 пеачи – вели Гиговски.

Антониа покажала афинитети кон пеењето пред две години. Таа и нејзините родители случајно дознале за аудицијата за детскиот хор при Македонската радио телевизија. Антониа се пријавила и била примена во хорот, а набрзо почнала да зема и часови по пеење. Таа вели дека е многу среќна, затоа што постигнала многу за кратко време.

-Сè се одвиваше во рок од осум месеци. Годинава ја сметам за успешна, бидејќи настапив на повеќе фестивал, донесов се како што треба. Го дадов тоа што е од мене и задоволна сум – вели Антониа.

Додека Антониа настапува и освојува награди, преработените песни кои ги има испеано ги слушнал и Марјан Катароски, претседател на Светската асоцијација на фестивали. Во иднина тој треба да се грижи околу манифестациите и фестивалите на кои ќе учествува Антониа. Таткото на Антониа вели дека Катароски се појавува во кариерите на многу балкански пеачи меѓу кои и на Тоше Проески, Каролина Гочева, Јелена Томашевиќ, Влатко Лозановски, Јоце Панов и други. Ако го следи патот на овие пејачи, и на Антониа може да ѝ претстои успешна пејачка кариера.

**Репортер: Мартин Манасков, студент на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

НИЕ ИСПРАШУВАМЕ

СИЛВАНА ГЕЛЕВСКА, ПРОФЕСОРКА ВО СУГС „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“

# Кој пее зло не мисли

Повторно да се родам не би била ништо друго туку професор, ќе каже за себе професорката по музичко Силвана Гелевска. Веќе 25 години за неа училницата со пијано во скопската гимназија „Јосип Броз Тито“ е најубавото место на светот. Тука се учи јазикот на музиката, тука се рушат стереотипите, тука учениците се дружат и се забавуваат. Благодарение на енергијата која ја добива од младите луѓе, професорката Гелевска е секогаш ведра и насмеана.



- Многу од учениците се талентирани, музикални и имаат чувство за ритам. Музиката облагородува, нè прави подобри, посреќни. Не залудно се вели: кој пее зло не мисли - вели Гелевска.

Таа важи за една од омилените професорки, зашто ги мотивира учениците да работат и да го користат нивниот потенцијал. Според неа, ученикот не треба само да се потруди за да го заврши предметот, туку и вистински да ја засака музиката. Гелевска не е само професорка која ја работи својата професија, туку исто толку и ја сака. Вели дека музиката ѝ е прва љубов. Уште како дете нејзините мечти биле да стане оперски режисер.

- За еден човек да биде успешен е потребно да се склопат три моменти во животот. Првата е семејството во кое сме се родиле, изборот на професија која нè исполнува и изборот на брачниот другар или партнер. Почитувајте го семејството, бидете чесни и вредни, ценете ја искреноста и вреднувајте ги луѓето според тоа како размислуваат и колку љубов носат во себе кон другите - порачува Гелевска.

Со макотрпна работа училишниот бенд веќе петта година по ред продолжува да пишува успешна приказна за историјата на „Јосип Броз Тито“. И на крајот од учебната година се работи напорно, бидејќи следува нов предизвик за учениците. Натпревар од кој со сигурност ќе стекнат голема корист и животно искуство, особено ако се има предвид љубовта и енергијата која ја вложува професорката Гелевска.

**Автори: Емилија Миланкова, Викторија Мицковска, Душица Павлоска, 2-3, СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ - Скопје**



## ЈАС МИСЛАМ ВАКА

ВАСКО ГИЧЕВСКИ, ТРЕТА ГОДИНА, СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ - БИТОЛА

# Ученици надвор од училиштата и училишта без ученици



Под влијание на играта на судбината или, пак, под играта на свесниот, но не секогаш разумен човеков ум пред нас се постави една слика на ученици надвор од училиштата и училишта без ученици. Се обвистини еден од пострашните, но не без последици кошмари на педагогијата да не се спроведува организираниот процес на воспитание и образование на учениците, односно на наставата.

Местото на училиштето по сите човекови норми и сфаќања треба да е на највисоко ниво, на пиедесталот на секое општество, непартизирано, недиригирано од страна на интересите на левите или десните.

Многу е лесно да се даваат совети и да се попува на земјите кои во својата рудиментирана, односно, неразвиена состојба немаат функционален систем на образование, од вакви или такви причини на образованието гледаат како неважна работа. А кај нас, ние кои се дрзнуваме да попуваме на другите, ситуацијата не ни е ништо посјајна од нивната.

Ги присиливме учениците, децата, во годините кои за нив треба да претставуваат години на развиток, на среќни моменти. Истите се претворија во еден тежок момент на пресвртница и во македонското општество и се принудени да војуваат битки кои се навистина илузорни доколку се погледне од аспектот дека возрасните се тие кои треба да се погрижат за среќната и сигурна иднина на своите деца. Овие деца останаа сираци.

На прв поглед не се случува ништо, но кога ќе се задлабочиме во суштината и проблематиката на целата оваа ситуација ќе видиме една револуција на мало. Се покажуваат основи на анархизам, на неконформизам, на искажување на своето јас (она на коешто секојдневно се учиме и се воспитуваме). Сега стана проблем за проповедниците на овие начела.

Проблемот немаше да земе толку голем замав и толку да се задлабочи доколку во нашето општество постои дијалог, парламентаризам и симетрична комуникација помеѓу страните засегнати од оваа проблематика.

Дополнително отежнување на целата оваа работа е обидот за печалење политички поени врз грбот на учениците, па се обидуваат едните да ги тргаат десно, а другите да ги окарактеризираат како леви и неподобни, и обратно.

Ова тргање на учениците на лево или на десно не ги привлече ни ваму ни таму, туку ги оттргнаа од училиштата, се попречи воспитно-образовниот процес бидејќи остана без неговиот основен и функционален елемент, а тоа се воспитаниците, односно учениците.

Како и за сè во животот, има решение и за овој проблем. Решението е во меѓусебниот квалитетен дијалог со кој, за жал, барем засега не можеме да се пофалиме. Треба да се усвои еден модел на изработка на воспитно-образовниот систем кој ќе биде плод на заедничката работа на основниот и функционален елемент на тој процес, односно воспитаниците и на оние кои го контролираат и го обезбедуваат тој воспитно-образовен процес т.е. Министерството за образование и наука.

Пронаоѓањето вистинско решение е од круцијално и огромно значење кое, секако, треба да се најде за што пократок период, бидејќи со самото оддолжување на проблемот тој станува сè поголем и поболен и ништо повеќе нема да се добие отколку една огромна колатерална штета, а тоа ќе бидат учениците кои ќе останат без соодветниот степен на едукација. Или уште полошо, преку некој штетен модел на воспитен процес трајно ќе се осакатат, кое, пак, осакатување ќе придонесе да куцаме и заостануваме многу зад другите европски и светски земји.

МАРТИН НИКОЛОВСКИ, СОЕУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ - БИТОЛА

# ДА - за младинска политика, НЕ - за поларизација во образованиот процес во Македонија!



Периодов образованието во Македонија го одбележуваат многубројни настани. Протести, штрајкови, маршеви, бојкот на настава... Некои барања се исполнети, а за други ниту глас не се слуша. Учениците се во дилема: „Дали образовниот процес во Македонија замина во ќор-сокак?“. Студентски пленум, Средношколски пленум, Наставнички пленум, Контра пленум, Студентски парламент, Средношколска унија... Секој сè нешто бара, а никако да се пронајде самиот себе.

Зарем политичките партии се тие кои ќе ја заменат професијата наставник или професор?! Во ниту еден случај не смее партиската политика да навлезе во образованието, а очигледно некој ги помешал поимите „партиска политика“ и „младинска политика“. Често политиката се поврзува со решенија на прашања кои се поврзани со младите, но таа е многу пошироко поле кое вклучува важни аспекти од младинското учество, преку неформално образование до иновации и истражување.

Според Советот на Европа, „целта на младинската политика е да се создадат услови и можности за учење и искуства кои ќе им овозможат и обезбедат на младите луѓе да ги развијат нивните вештини, знаења и компетенции за да учествуваат во демократските текови и да се интегрираат во општеството“. Во прирачникот за креирање локални младински стратегии на коалиција СЕГА, се вели: „Младинската политика е збир на мерки и активности кои се преземаат за да се задоволат потребите на младите“. Меѓутоа, во нашето образование ниту една од двете горенаведени дефиниции за младинска политика не се практикува. Во екот на најголемите протести на студентите и средношколците, додека тие ги бараа своите права, им беше забрането основното човеково право - правото на здружување.

Според Конвенцијата за правата на детето, која Македонија ја ратификуваше во 1993 година, во член 15 од истата стои: „Државите-членки му ги признаваат правата на детето за слобода на здружување и за слобода на мирно собирање. Не можат да се наметнат никакви ограничувања за остварување на овие права, освен на оние што се во согласност со законот и што се неопходни во демократското општество и во интерес на националната безбедност или јавната сигурност, на јавниот ред (ordre public), заштитата на правата и слободите на другите“.

Според истражувањето кое го спроведоа Младински образовен форум и Реактор од Скопје во 2010 година, се увиде дека 70 отсто од средношколците не се запознаени дали има средношколско организирање во нивните училишта, а додека, пак, 81 отсто од испитаниците никогаш не учествувале во изборот на Средношколска унија.

Новите реформи кои, како што велат спроведувачите на истите, не треба да ја натрупуваат веќе натрупаната програма на учениците, туку да им дадат простор за младинско учество, а особено да бидат вклучени во процесот на донесување на одлуки кои ги засегаат токму младите.

ТАМАРА СТЕВКОВСКА, ТРЕТА ГОДИНА, СУГС ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“

# Кои сте вие од другата страна што одлучувате за мене?



Ве прашувам бидејќи сакам да знам, а не можам да ве идентификувам и препознаам. Почнав да читам натписи, изјави и пак не открив кои се тие што одлучуваат какво средно или високо образование ни треба. Можеби не ги препознавам, бидејќи очекував тоа да бидат големи експерти за образование. Очекував сигурно и моите професори да кажат нешто за квалитетот на средното образование. Но најмногу очекував некој и мене да ме праша, бидејќи знам што е убаво и добро во моето средно образование, а што не е. Па нели јас го практикувам секој ден! Прашајте ме: Дали предавањата ни се добри? Дали учебниците се јасно напишани? Дали екстерното треба да се коригира и каде? Дали знаењето што го добивам е доволно?

А јас ве прашувам вас: Дали вие што ги носите одлуките за моето образование сте експерти за образование? Дали имате мислење од моите професори за моето образование? Зошто никој не ми објаснил која е бенефицијата од мојот модел на образование?

Можеби вие од другата страна не сакате да знаете што мислам јас. Но јас сакам да знам што вие мислите за мене и мојата иднина. Некаде прочитав тоа биле институции одговорни да носат закони. Добро, тогаш ги прашувам тие институции: Зошто не направивте една презентација која ќе ми одговори на моите прашања? Зошто не ми дозволите да кажам што мислам за моделот на учење? Зошто?

Ве прашав сè што сакам да знам, кои и да сте вие со назив „институции на системот“. Сега очекувам вие да ме прашате мене.

Прашајте ме. Сè ќе ви одговорам и така ќе бидеме еднакви.

АНА ЈАНЕВА, СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ - СТРУМИЦА

# Каква иднина би посакале

> “Биди човек каков што нема на светот.
> Биди пример за сите.
> Така ти ќе бидеш среќен,
> а на светот ќе му направиш сериозна услуга.

Секој би посакал иднина исполнета со среќа, љубов, пари. Иднина во која низ целиот свет ќе владее мир, ќе престанат воените судири во кои секој ден умираат милиони луѓе, умираат милиони луѓе и од глад, болести, насилство... Вашата иднина ја кроите со сопствените избори. Обидете се од вашата иднина да направите вистинско ремек-дело. За да си ја создадете иднината што ја сакате треба да го извлекувате најдоброто од себе, да давате сè од себе, доволно да се борите.

Но понекогаш ќе ве фати страв од неостварени соништа. Во тој случај треба да преземете нешто. Една од најтрагичните црти на човековата природа е дека сите вие бегате од животот. Сите сонувате за некоја волшебна градина на животот од другата страна на хоризонтот, наместо да уживате во денешниот ден. Треба да бидете упорни и да имате голема доза на самодоверба. Морате да верувате дека сте надарени за нешто и да тежнеете кон остварување на своите цели.

Секој човек барем еднаш во својот живот застанува пред нов патоказ. Лево од патоказот се наоѓа пеколот, а десно ужасот. Се прашува каде да продолжи. Избирајќи од тие две зла, решава да го избере најтешкото и најнепредвидливото, продолжува право. Онаму каде што нема пат, нема патокази, нема ништо. Таму ја остава својата трага и тргнува во креирање на иднина каква што сака. Секој го може она што го сака, да го живее сонот скриен во пазувите на животот и затоа некогаш седнете на клупата на својот живот и набљудувајте го небото како постојано се менува, а сепак останува исто. Секој секогаш трага по својот пат и секој ја сака својата судбина како најдобрата мелодија на ветрот. Верувајте во својот чекор, не губете ја надежта и додека животот ја пишува својата приказна, отворете ги прозорците на својата душа и живејте ја неговата убавина, живејте со визија и со мисла дека радоста сепак ќе дојде до вас. Тежнејте кон создавање на иднина каква што посакувате.

На секој од вас животот ќе му има смисла само ако секоја година, секој месец, секој ден станува сè подобар и подобар. Тоа е мојот став кон создавање на иднина каква што сакаме. Треба секогаш да размислувате поинтелигентно, да размислувате за секоја постапка што ја преземате, дали таа ќе се одрази позитивно во вашата мисија за креирање на иднина каква што сакате. За да размислите малку подобро: излезете надвор во текот на ноќта и погледнете околу вас, а потоа и на небото. Тоа е тука милиони години, но вие само неколку. За стотина години тоа уште ќе биде тука, а на вашето име веројатно нема никој да се сеќава. За да бидете запаметени засекогаш, мора да се потрудите многу, бидејќи тоа не доаѓа само од себе. Затоа секогаш стремете се кон создавање на иднина каква што сакате, во која ќе бидете среќни да живеете.

АНА ЃОРЃИЕВА, III-3, СУГС „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“



# Преку читање до развивање имагинација

Единствената гаранција за креативно утре е имагинацијата. За жал, многу родители го заборавaат тоа и им ја намалуваат имагинацијата на децата, бидејќи со помош на Интернетот сè им е дадено без можност за нивно експериментирање. Исто така, во денешно време и ние самите, средношколците, не си го приредуваме тоа уживање да се замислиме во ликот на книгата која ни била дадена за читање на училиште или да си ја читаме во слободно време.

Кога веќе стануваш тинејџер, ти не се замислуваш во улогата на ликот туку се соживуваш со него, а потоа кога ќе ја завршиш книгата со читање се чувствуваш како да си излегол од некое маѓепсано место и дека си ослободен од магијата на книгата. Ако згасне читањето на книгите, нема да знаеме што некој друг мисли, сè ќе мислиме дека ние сме во право, ќе се намали границата на креативноста во нашите глави, што треба да се смени во мислењето на другиот, како да го смениме светот, како да го победиме некого со зборување, да се почувствува читањето на книгите во нашите мисли.

Мислам дека секој човек што има развиена имагинација и премногу прочитани книги е најбогатиот човек и никој не може да го победи духовно. Без оглед на возраста, додека се чита книга, се задлабочуваме до тоа ниво што нашата имагинација ни дозволува да се чувствуваме дека некои работи се живи и се случуваат до нас, ниво на уживање, ослободување од секој вид на стрес, заборавање на денешниот, вчерашниот или утрешниот ден.

Ние, самите, не смееме да дозволиме да бидеме лишени од имагинарниот свет, бидејќи тоа е единствениот начин да не си поставуваме граници за некои работи и да уживаме во светот во кој сакаме да бидеме.



## (ДЕ)КОНСТРУИРАЈ ГИ МЕДИУМИТЕ
### ПРОЕКТ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Доделени се наградите од конкурсот „Изрази се преку медиумите“

Трите најдобри медиумски производи кои пристигнаа на средношколскиот конкурс „Изрази се преку медиумите“ беа наградени со видеокамера, таблет и професионален фотоапарат, а уште девет средношколци добија признанија за солидно изработените продукти.



Првата награда, видеокамера, ја доби Исток Чаповски, ученик во Приватни гимназии НОВА, кој се пријави со видеото „Марионета“. Второнаградениот средношколец Сергеј Сарчевски, од скопската гимназија „Орце Николов“ беше награден со таблет за видеото „Македонска домаќинка“. Ученикот Ѓорѓи Десподов од гимназијата „Мирче Ацев“ од Прилеп доби фотоапарат за изработен постер. Покрај нив, пофалници за медиумските продукти добија и средношколците Сергеј Митевски, Петар Петрушев, Тамара Стефковска, Ана Арсовска, Иван Тодоровски, Слободанка Ресавска, Вера Трајковска, Ивана Андреева и Филип Лафазановски.

На конкурсот „Изрази се преку медиумите“ се натпреваруваа повеќе од 40 видеа и постери кои беа изработени од средношколци од дваесетина училишта во Македонија. Учениците аплицираа со фотоприказна, постер или едноминутно видео на тема „(Де)конструирај ги медиумите: Пораката зад пораката“. Преку медиумските производи средношколците го откриваа значењето на медиумските пораки објавени на ТВ, радио, во печатен или онлајн-медиум и како нивните содржини влијаат врз изборот на младите да купат нешто, да донесат одлуки или да размислуваат во одредена насока. Најдобрите производи беа избрани од комисија составена од предавачи на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и од медиумски професионалци.

Целта на конкурсот „Изрази се преку медиумите“ е да се поттикне медиумската писменост кај младите, кои на креативен начин ќе покажат дека умеат да ги толкуваат и критички оценат медиумските содржини кои постојано се изложени. Конкурсот се реализираше во рамките на проектот „(Де)конструирај ги медиумите“, што го спроведе Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, со поддршка од Амбасадата на САД во Македонија.

**Д.А.**

## СТРИП




www.comicscenter.mk **Автор: Марија Грчева, ученичка во СУГС Гимназија „Орце Николов“ – Скопје (по сценарио на Сара Папазова)**

Во соработка со Стрип центар на Македонија

## СОВЕТУВАМЕ

# ОНЛАЈН-ДРУЖЕЊЕ И ИНТЕРАКЦИЈА



За повеќето од нас Интернетот стана неопходен дел од нашите социјални животи: го користиме за да останеме во контакт со пријателите, да одржуваме врски со семејството и да запознаваме нови луѓе. За жал, сите онлајн-интеракции не се позитивни.

### РИЗИЦИ ЗА ТВОЈАТА ПРИВАТНОСТ И ИДЕНТИТЕТ

**Кражба на идентитет.** Иако за многумина може да изгледа безопасно, доволно е да се преземат само неколку детали - име и презиме и датумот на раѓање, за да може да се пристапи до твојот онлајн-профил. Ако не е ажурирана приватноста на твојот онлајн-статус, крадците може да соберат детали кои ќе им помогнат да ја откријат твојата лозинка или сигурносно прашање.

**Фишинг.** Тоа е мошне очигледна измама, кога преку електронска порака од тебе ќе биде побарано да ја испратиш твојата лозинка и да се најавиш на некоја од твоите онлајн-адреси. Споделувањето на личните податоци на Интернет, дури и кога станува збор за работа или хоби, може да поттикне да добиваш вакви социјално-конструирани пораки.

**Идентитетска измама.** Тоа вклучува претендирање да се биде некој друг во онлајн-сферата - некој да ја преземе контролата на постоен онлајн-профил или создавање нов во твое име.

### НЕГАТИВНИ ИНТЕРАКЦИИ СО ДРУГИ КОРИСНИЦИ

**Тролинг.** Ова стана општ термин што опфаќа сè што е направено на Интернет за да се отежни нечиј живот. Тоа може да варира од иритирачки пораки до кампањи за клевета, малтретирање, па дури и закани за насилство.

**Непријателски средини.** Многу онлајн-средини можат да бидат непријателски настроени кон жени, малцински и други групи поради јазикот и ставовите кои вообичаено се користат таму.

**Измами.** Иако повеќето онлајн-измами се мошне очигледни, некои од нив може да бидат навистина примамливи или застрашувачки за да се закачите на јадицата: на пример, известување дека си победил на некој конкурс или предупредување дека твојот компјутер е заразен со вирус.




### СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНО И СИГУРНО СУРФАЊЕ

**Одјави се.** Секогаш одјави се од онлајн-профилот по неговото користење. Со тоа ќе го оневозможиш пристапот на други корисници до него.

**Нагоди ја приватноста.** Скоро сите социјални мрежи имаат алатки кои овозможуваат да ограничиш кој може да ги види информациите на твојот профил и тоа што го имаш објавено.

**Практикувај сложени лозинки.** Користи лозинка која е долга најмалку осум карактери, со комбинација на големи и мали букви, броеви или знаци.

**Биди смирен.** Ако мислиш дека си злоупотребен од некој кој го знаеш, не одговарај: направи слика од екранот и зборувај со него лице в лице. Ако е тоа некој кој не го знаеш или ако продолжи да те злоупотребува, блокирај го и пријави го инцидентот.

**Чувај во тајност.** Не ги споделувај деталите за лична идентификација што ги користиш онлајн, како што се датум на раѓање, име и презиме, единствен матичен број, број на лична карта, домашен телефонски број и слично. Не пополнувај онлајн-истражувања за кои не си сигурен или доволно запознаен. Никогаш не испраќај доверливи информации кога купуваш онлајн или при користење на јавни места со достапен Интернет.

**Биди внимателен.** Пребарај го на Интернет твоето име за да бидеш сигурен дека никој не се претставува како тебе. Речиси сите онлајн-измами може да се избегнат ако постојано се потсетуваш дека „нешто изгледа премногу добро за да биде вистина“.

**Размисли два пати и провери го изворот.** Пред да поверуваш во нешто или да го препратиш, најпрво провери. Не одговарај и не кликај на кој било линк сè додека не бидеш сигурен за што е. Дури и ако пораката доаѓа од некој кој го знаеш, верувај му на инстинктот ако нешто не е во ред.

**Извор: www.mediasmarts.ca**